# GEPIR (GS1 Electronic Party Information Registry)

**GEPIR (GS1 Electronic Party Information Registry)** е проект на Меѓународната асоцијација GS1 (Global Standard One) со седиште во Брисел, која управува со светскиот систем на стандарди за единствена идентификација и комуникација, те. овозможува размена на информации врзани за производите, транспортните единици, локациите и услугите. Асоцијацијата ги проектира, развива и оддржува стандардите за мулти-секторската идентификација, бар кодирањето и интернационалната електронска размена на податоците. Тоа се глобални, мулти-секторски стандарди кои што обезбедуваат заеднички јазик во меѓународнота трговија.

Главната активност на Меѓународната асоцијација GS1 е развој на GS1 системот низ координирано работење со своите членки, националните организации, кои се формирани во над 140 земји, со преку 1.000.000 компании.

GS1 Македонија е една од националните организации на меѓународното семејство на GS1 со преку 1.100 фирми-членки и од 1 ноември 2006 година активно се вклучи во реализација на проектот GEPIR.

GEPIR е меѓународен електронски каталог на податоци на фирмите членки на националните GS1 организации.

***GEPIR е всушност yellow pages на глобалниот синџир на трговијата.***

Во ноември 2006 година GEPIR доби и светско признание и награда “BEST CASE AWARD” за успешно електронско поврзување и умрежување на фирмите со примена на нови технологии, дефиниран како “Проект за иднината”.

Целта на проектот GEPIR не е само да создаде една голема централизирана база на податоци, туку да овозможи мрежа на меѓусебно поврзување на постојните национални бази на податоци. Секоја национална GS1 организација податоците за своите членки, ги обработува и доставува до централата за објавување, со што овозможува нивна достапност на сите свои членки и на останатите членки во GS1 заедницата.

Со вклучување во GEPIR мрежата на податоците GS1 Македонија им овозможи нови бенефити на своите членки: светска промоција и препознатливост, можност за деловно поврзување со сите останати 1.000.0000 компании од светот, со едноставно пребарување на web-страната на GS1 преку GTIN бројот на производот (бар кодот) и можност да странските компании стапат во контакт со македонските компании за остварување на деловен контакт. GS1 Македонија овозможи полесен пристап на фирмите-членки на GS1 Македонија до бизнис контакти преку GEPIR проектот.

Затоа е многу битно постојано иновирање на базата на податоци на членките на GS1 Македонија. При тоа, очекуваме полна поддршка од Вас, нашите членки, преку редовно доставување на сите промени на податоците за дејноста или фирмата, како што се: име на фирмата, адреса, матичен број, шифра на дејноста, даночен број, телефон, факс, е-маил адреса, контакт особа и сл.